

**Мицкоски на средба со министрите Перински и Димитриеска Кочоска: Со ребаланс на буџетот ќе обезбедиме 250 милиони евра за инфраструктурен развој на општините**

Ден 7-ми: Решение за 250 милиони евра за развој и капитални проекти на општините

Ветивме развој на општините и сега го оствaруваме тоа преку обезбедување на 250 милиони евра за инфраструктурен развој.

Имав работен состанок со министерката за финансии Гордана Димитриеска-Кочоска и министерот за локална самоуправа Златко Перински , каде што го утврдивме начинот на распределба на средствата за општините. По ребалансот и одлуката на Владата кон крајот на идниот месец, Министерството за локална самоуправа ќе објави повик до сите општини да аплицираат за овие средства. Средствата се наменети за капитални инвестиции, вклучувајќи училишта, градинки, водоводи, канализации и патна инфраструктура.

На овој начин, реално го подобруваме животот на граѓаните и ја ставаме државата во функција на нивните потреби.

Време е државата да направи повеќе за секој еден граѓанин. Со целата енергија работиме на реализација на ветеното.

Исполнуваме!

За тебе!

#МакедонијаЗаТебе